**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деветтото продолжение наТриесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 мај 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,21 минути.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Дами и господа пратеници ја отворам Триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците, Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азиз Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани,Елмазе Селмани, Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Валентина Божиновска, Лазар Китановски, Марјанчо Николов, Владо Бучковски, Мирјана Секуловска и Бесим Догани, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со точката 23 - Предлог за донесување на закон за соработка помеѓу Република Македонија и Меѓународниот кривичен суд за гонење лица одговорни за сериозни повреди на Меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија.**

Продолжуваме со претресот.

Минатиот пат се јавила за збор Младеновска Ѓорѓиевска Мери. Колку што гледам,сега е отсутна.

Нема други пријавени за збор.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1.Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за соработка помеѓу Република Македонија и Меѓународниот кривичен суд за гонење лица одговорни за сериозни повреди на Меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија.

2.Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог за донесување на закон за соработка помеѓу Република Македонија и Меѓународниот кривичен суд за гонење лица одговорни за сериозни повреди на Меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија, при што ќе ги има во предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собраниеот на Република Македонија.

3.Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешкиод расправата на седницата на Собраниеот на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за прада.

Предложениот заклучок го ставмана гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата, а потоа и други пратеници влегуваат).

Ги молам службите уште еднаш да го утврдат бројот на присутни пратеници?

(Службите го утврдуваат точниот број на присутни пратеници).

Бидејки имаме кворум, предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По објавувањето на резулатттие од гласањето).

Молам службите уште еднаш да ги пребројат присутните пратеници за време на гласањето.

(Службите уште еднаш ги пребројуваат присутните пратеници за време на гласањето).

Гласањето е валидно.

Гласале 60 пратеници, сите 60 гласале за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Предлагам пауза од 10 минути за пререгистрација, ќе продолжиме со 42-та седница.

(Седницата прекина во 11,30 часот)